**Упатство за запишување на семестар преку “i-know ”**

Откако ќе се најавите на системот, пред вас се отвара почетната страница за студентите. Главното мени за навигација се наоѓа на горниот дел од страницата веднаш под името, презимето и бр. индекс на најавениот студент.

Во табот "запишани семестри" од менито, има табеларен преглед на претходно запишаните семестри.

Во табот "запишани семестри", во горниот дел се наоѓа опцијата за запишување на следниот семестар (летен 2025/26). Од листата понудени семестри го избирате следниот семестар. Доколку имате промена на овие податоци по разни основи, Одделението за студентски прашања ќе ги направи промените, но ќе треба да го наведете промените во коментарот. Откако сте ги избрале соодветните параметри, на копчето ”внеси” го запишувате следиот семестар и истиот ќе се појави најгоре на листата.

Откако ќе го запишете новиот семестар се упатувате на следниот таб "предмети". Тука ги избирате предметите кои ќе ги следите во следниот семестар. Треба да ги изберете сите задолжителни предмети кои може да ги слушате во летниот семестар, како и дел од изборните предмети за тој семестар, доколку има, но не бирате повеќе предмети од дозволениот број на кредити, 30, однсоно 35 кредити по семестар.

Доколку, ги исполнувате условите за запишување на 36-40 кредити, откако барањето ќе биде одобрено, дополнителните предмети/кредити ќе бидат запишани од страна на одговорното лице од Счужбата за студентски прашања.

Студентите од прва година следат 30 кредити по семестар. Преметите кои ги запишувате, ги префрлате од левата во десната листа како што е покажано и на видеото. Со секое префрлање на избран предмет од лево кон десно, се ажурира сумата за плаќање за соодветниот семестар, и истата може да ја видите најгоре во средишниот дел на формата. Во прва година, после избор на соодветни предмети, сумата за плаќање треба да е 30 кредити, во износ на 100 евра во денарска противредност, додека за студентите од втора година, сумата се менува во зависност на бројот на предмети/кредити кои ќе ги запише студентот.

Откако сите потребни предмети ќе се префрлат во десните листи, најдолу десно на формата со копчето “запиши” сите избрани предмети ќе се запишат за тој семестар и ќе се појават во табела “запишани предмети” во горниот дел на формата. Откако со копчето “запиши” ќе ги запишете предметите.